# FROM BIMETALLISM TO THE VOLATILE GOLD STANDARD: THE TRANSFORMATION OF MONETARY POLICY IN THE OTTOMAN EMPIRE

**Stefan Mladenoski**
American University of Europe FON, Skopje, North Macedonia, stefan.mladenoski@yahoo.com

**Abstract:** The history of the Ottoman Empire represents an inexhaustible source of economic questions and reflections that are relevant even today. Namely, the economic power of the empire can be traced back to its beginnings as a major economic trading centre between Europe, Asia, and Africa. Additionally, it served as a centre of science and innovation led by its eminent scientists such as Abu'l-Fazl Ibrahim. However, with the rapid economic development of Central and Western Europe reaching its peak by the mid-nineteenth century, the perception of the Ottoman Empire changed drastically from what Western powers had previously perceived. The empire, once seen as an economic-political giant, began to be synonymous with obsolescence and stagnation not only in terms of economy but also in societal life. Hence, it earned the epithet "the sick man of Europe." This study aims to uncover the causal relationship for the emergence of the so-called period of reform of the Ottoman Empire and its eventual decline. The monetary policy of the empire, primarily based on the bimetallic monetary system, characterized using two noble metals, predominantly gold and silver for trade transactions, was later replaced by the gold standard. The roots of which in the economic history of Central and Western Europe can be traced much earlier than those of the Ottoman Empire. This economic-historical investigation will focus on identifying and explaining the connections and consequences of the monetary reform of the empire, aiming to provide the reader with a comprehensive understanding of the period known as the "Tanzimat reforms in the Ottoman Empire." The conclusions drawn from this study converge on the fact that the end of the empire was inevitable, but the timing and way it occurred were largely influenced by these economic-political reforms that engulfed the empire at the end of the nineteenth and the beginning of the twentieth century. Furthermore, I would like to emphasize their impact, which left a significant mark on subsequent events in the economic history of the territory of the former Ottoman Empire.
**Keywords:** bimetallism, gold, standard, monetary, currency, economy

# ОД БИМЕТАЛИЗМОТ ДО ВОЛАТИЛНИОТ ЗЛАТЕН СТАНДАРД: ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА ВО ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА

**Стефан Младеноски**
Американски универзитет на Европа – ФОН, Скопје Северна Македонија,
stefan.mladenoski@yahoo.com

**Резиме:** Историјата на Османлиската империја или како што уште се нарекува Отоманската империја претставува неисцрпен извор на економски прашања и размислувања кои се актуелни и во денешницата. Имено, економската моќ на империјата може да се види уште од нејзините почетоци како голем економски трговски центар помеѓу Европа, Азија и Африка. Дополнително, истата претставувала центар на науката и иновациите од страна на нејзините еминентни научници како на пример Ебул Фазл Ибрахим. Сепак со брзиот економски развој на централна и западна Европа кој го достигнал својот максимум до средината на деветнаесеттиот век, сликата за Османлиската империја се претворила во нешто поразлично од таа што западните сили ја имале за истата дотогаш. Османлиската империја која дотогаш била гледана како економско-политички гигант почнала да станува синоним за застареност и заостанатост во поглед не само на економијата туку и на општествениот живот. Токму затоа го добила епитетот „болниот човек на Босфорот„. Имено тука можеме да ја лоцираме идејата за пишувањето на овој труд која претставува откривање на причинско последичната врска за настанување на така наречениот период на реформација на Османлиската Империја и крајот на империјата. Монетарната политика на истата во најголемиот дел од нејзиното постоење лежела во правилото на така – наречениот биметален монетарен систем. Истиот се карактеризира со постоењето на два благородни метали во овој случај но и во најголем дел од случаите каде што истиот бил застапен подразбирал злато и сребро како метали за остварување на трговски трансакции. Која подоцна пред

крајот на империјата била заменета со златен стандард. Чии што корени во економската историја на средна и западна Европа можеме да ги забележиме уште многу порано за разлика од оние на Османлиската империја. Ова економско-историско истражување ќе се базира на лоцирање и објаснување на врските и последиците од монетарната реформа на империјата со што на читателот ќе се обиде да му даде комплетна слика за периодот познат под името „танзиматски реформи во Османлиската Империја“. Заклучоците од истото се сведуваат на фактот дека крајот на истата бил неизбежен но голем удел во тоа на каков начин и кога се случил имаат токму овие економско – политички реформи кои ја зафатиле истата на крајот на деветнаесетиот и почетокот на дваесеттиот век оваа империја. Дополнително би сакал да го потенцирам нивниот импакт кој оставил голема трага во понатамошните случувања во економската историја на територијата на некогашната Османлиска империја.
**Клучни зборови:** биметализам, златен, стандард, монетарна, валута, економија

## 1. ВОВЕД

Монетарната историја на Османлиската империја претставува неистражен дел за многу економисти. Имено корените на империјата биле втемелени во самата исламска религигја и шеријатското право. Токму затоа кога станува збор за почетоците на монетарната политика на империјата важно е да се напомене фактот дека истата има многу голема поврзаност со исламот. Иако фактичката состојба во почетокот на владеењето на династијата на Осман I била таква, во наредните векови самата империја претставувала синоним за економска моќ која се побрзо ги напуштила базичните закони запишани во коранот. Оваа слика за истата била присутна се до почетокот на осумнаесеттиот век. Кога истата веќе била ставена во незавидна позиција. Имено за незавидната позиција на империјата е важно да се напомене фактот дека власта во истата ја увидела во момент кога остатокот од светот веќе започнал со напуштање на феудализмот како државно уредување. Дополнително, врховната власт во истата претставена со султанатот (државно уредување на една земја на чие чело е поставен султан – врховен владетел) и со диванот (совет на султановиот двор) не сакала да направи промена поради стравот дека тоа би значело напуштање и дополнително слабеење на веќе ослабената империја. Но, како што поминувале годините сепак самите султани увиделе дека модернизацијата во секој сегмент на империјата па така и во монетарната политика била неизбежна.
Токму тука лежи мојот личен мотив за истражување на монетарно-економската историја на Османлиската Империја. Дополнително како крајна цел на истражувањето би посочил дека истата е давање на комплетна слика на периодот на реформација на империјата не само општествено туку и економски, со што можеме дополнително да ја разбереме економската поставеност на државите во Европа веќе по нејзиното распаѓање.

## 2. БИМЕТАЛИЗМОТ ВО ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА

Кога станува збор за биметализмот треба да се знае дека истиот во Османлиската Империја бил практикуван во почетокот на деветнаесеттиот век. Важно е да се напомене дека истиот имал за цел да се обиде да даде една стабилна монетарна слика за империјата. Имено, како што и самата дефиниција на поимот кажува овој монетарен систем служел како алатка со која вредноста на валутата на самата империја била контролирана од два вида на благородни метали – среброто и златото. Врската помеѓу овие два метали била нераскинлива и без присуство на одредена количина на двата валутата би ја изгубила сопствената вредност. Ова не претставува некоја непозната во економијата, историската анализа на големите држави го покажала истото со тоа што за разлика од нив, Османлиската империја не била спремна да го напушти овој систем толку лесно. Дополнително веќе е добро познато дека соодносот на металите дополнително придонел помеѓу пазарната цена на среброто и златото претставувало своевиден ефект на стабилизирање на биметализмот.
Имено економската криза која настапила во империјата на крајот на 1830тите имала и политички последици. Како што ни е веќе познато секоја економска криза во една држава има моќ и да допринесе во создавање на плодна почва за политичка криза. Во Османлиската империја оваа криза допринела до создавање на инфлација во економијата. Државните власти на Османлиската империја успеале да ги стабилизираат тенденциите на инфлацијата со помош на краткорочни пазарни омаловажувања. Имено, производството на нови монети кое започнало во почетокот на деветнаесеттиот век а со самото тоа не повлекување на „застарените“ монети во оптек дополнително допринело до усложнување на самата позиција на економијата на империјата. Ваквата состојба довела до создавање на тешкотии во водењето на трговските односи не само во границите на империјата туку и надвор од истите. Истовремено, употребувањето на девизите во империјата се зголемиле, особено биле користени во меѓународната трговија чија што употреба имала за цел била чување на богатството на трговците.

Сето ова ни укажува на потребата од монетарната реформа на империјата. Имено, оваа реформа следувала како втор чекор во тоа што е познато како финансиска трансформација на Османлиската империја. Целиот овој процес своите почетоци ги забележал уште во 1838 година. Но клучниот момент за економските реформи на Османлиската империја од оваа дистанца на истражување можам да кажам дека е усвојувањето на биметализмот. Според кој во Османлиската империја, со воведувањето на биметализмот бил воведен сребрениот куруш и новата златна лира, со што истите биле прифатени како законски средства за плаќање, слободно конвертибилни со фиксна стапка од 100 куруша за 1 нова златна лира.

***Слика 1 - Главната финансиска трансформација и реформа на Отоманската империја под британскиот хегемонски период во 19-тиот век.***




Извор: Arrighi G (2009) The Long Twentieth Century

Новите златни лири започнале да се коваат во 1843 година, а пак новите сребрени монети познати како куруши биле ковани почнувајќи веќе од наредната година. Биметалниот однос во Османлиската монетарна економија бил фиксен. Имено, властите не располагале со доволно ресурси со кои ќе се овозможило повлекување на монетите кои биле во циркулација дотогаш.

***Слика 2 – Трендот на просечниот буџетски дефицит во различни периоди од постоењето на Османлиската империја***




Извор: Genç & Özvar (2006) *Osmanlı maliyesi: Kurumlar ve bütçeler I*

Што резултирало со прифаќање на сите монети кои биле во оптек како легални платежни средства. Важно е да се напомене фактот дека иако се стабилизирала Османлиската валута, тоа не претставувало своевиден крај за финансиските проблеми на империјата. Напротив, како што може и да се забележи од буџетските книги на империјата истата се соочила со поголеми тешкотии во контролирањето на буџетските расходи.

Како еден од најзначајните начини за зголемување на финансиските приходи претставувало печатењето и пуштањето во промет на камато-носечките парични средства наречени kaime-i muteber-i nakdiyye или како што биле познати под името kaime. Дополнително, во втората половина на 30тите години од деветнаесеттиот век властите започнале да се интересираат за можноста за земање на заем од Лондонските банки со чија помош би се пребродила кризата, но со истите не постигнала договор со што се продолжило со печатење на горенаведените парични вредности.

## 3. ОБИДИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОСМАНЛИСКА ДРЖАВНА БАНКА

Развојот на монетарниот систем во Османлиската империја во првата половина на деветнаесеттиот век имал значајни предизвици и промени. Дополнително за појавата на државна банка во Османлиската империја е важно да се каже дека термините кои се користат и денеска за „банка“ и „државна банка“ во Османлиската империја имаат различно значење и употреба. Имено, банка претставувала институција која се карактеризирала со локални трговски функции, од друга страна државната банка претставувала и прв обид за формирање на државна финансиска институција. Важно е да се напомене дека во времето кое следувало потоа во Османлиската империја се појави уште неколку вакви обиди за создавање на државна банка, која како институција би имала форма на трговска банка со различни функции и поддршка од страна на странските инвеститори и банкарски институции. Истите тие се соочиле со многу предизвици и биле мета на низа критики, не само од населението туку и од политичките ентитети во самата империја.

Имено истите обиди продолжиле и за време на Кримската војна (Кримската војна е жесток воен конфликт кој траел од 1853 до 1856 година. Своето име го добила по Кримскиот Полуостров на кој се одвивал истиот. На една страна ги обединила Велика Британија, Франција, Османлиската Империја и кралството Сардинија против Руската Империја), но за време на овој идеите за формирање на истата се барале во најразлични интелектуални претставници од Лондон и Париз. Пречките кои се појавиле во овие обиди не само што биле политички, туку биле и финансиско-законски.  Овие обиди биле поддржани од страна на големи финансиски инвестиции кои имале за цел да ја стабилизираат така нарушената економија на империјата.

Би било во ред да се напомене фактот дека различни интересни групи кои биле засегнати од формирањето на државната Банка имале различни интереси, како пример на сето ова би било тоа што некои од нив сакале да учествуваат со значителен износ на капитал, додека пак другите предлагале различни услови за учество во истата. Дополнително текот на процесот на создавање на државната банка, плановите и преговорите се менуваат повеќе пати поради различни причини, вклучувајќи финансиски кризи, измени во законската регулатива и промени во интересите на инвестициските групи. Дополнително, би сакал да ја потенцирам улогата на Османлиската власт која била важна поради тоа што се залагала за поставување на различни услови за учество на инвеститорите во формирањето на државната банка.

Од самото формирање на банката целта истата била да го одржува стабилниот курс на валутата, да помогне во излезот на империјата од економската криза и да заврши финансиските реформи. Во периодот кој следувал по формирањето на државната банка на Османлиската империја треба да се има во предвид фактот дека европските држави, а посебно Велика Британија одобрувала огромни капитални средства со чија помош се обезбедувала ликвидноста и солвентноста на истата. Дополнително врз основа на преговорите кои биле водени со Османлиската влада и кои резултирале со потпишување на договор во 1863 година. Имено овој договор имал за цел да ги регулира правата и обврските на банката а со тоа имал и важна улога во работењето и развојот на банката во иднина. Имено сето ова било дополнително потпомогнати од промените кои настапиле на пазарот на пари во периодот од 1854 до 1863 година, а подоцна следувале и промени на пазарот на капитал.

## 4. ВОЛАТИЛНИОТ ЗЛАТЕН СТАНДАРД

Биметалниот стандард функционирал добро во периодот помеѓу 1815 и 1850 година, кога условите на понудата и потрошувачката биле сè уште доста стабилни. Но, морам да го напоменам фактот самите притисоци врз монетарната политика на империјата се зголемиле во периодот кој следувал по 1850та година. Имено на територијата на Соединетите Американски Држави токму во овој период биле откриени рудници со злато. Дополнително, Франција ја имала задачата за одржување на стабилноста на биметалниот систем, за таа цел една група на европски држави на чие чело стоела Франција се сретнале со цел да формираат Латински Монетарен Сојуз. Имено истите се согласиле своите валути да ги регулираат заедно.

Имено развојот и настаните во 1870-тите ги направиле многу потешки работите за државите во кои бил присутен биметалниот стандард. Најпрво, по унификацијата на Германија истата од сребрен на златен стандард. Следно, по откривањето на големи рудници во САД, се забележало зголемување на светското

производство на сребро. Овие настани биле клучни за остриот пад на цените на среброто. Дополнително, со зголемувањето на стапката на инфлација, државите кои дотогаш својот монетарен систем го воделе врз принципите на биметализмот или врз принципите на сребрениот стандард, своите економии започнале да ги насочуваат кон златниот стандард. Имено, би било важно да се напомене фактот дека државите кои биле дел од Латинскиот Монетарен Сојуз во 1878 година ставиле крај на ковањето на сребрени монети. По овие случувања Франција и другите земји потписнички својата монетарна економија започнале да ја засноваат на таканаречениот златен стандард. Треба да се има во предвид фактот дека среброто останало законско средство за плаќање, но не беше ковано ниту користено во значителна мера. За веќе до почетокот на 80тите години на деветнаесеттиот век, повеќето држави кои постоеле на европско тло започнале да го користат златниот стандард. Имено, префрлањето од сребрениот на златниот стандард било завршено до крајот на векот.

Би сакал да истакнам дека самата „победа“ на златниот стандард врз сребрениот стандард која се случила во 70тите години на деветнаесеттиот век не била само економска, туку и политичка и практична идеолошка победа. Имено, истата имала влијание врз менувањето на политичките структури и идеологии во Европа.

Дополнително, важно е да се има во предвид тоа дека растечката граѓанска класа која почнала се повеќе да има општествена моќ и да ја заменува земјоделската класа. Со други зборови би сакал да го истакнам фактот дека монетарната победа на златото над среброто и биметализмот во многу аспекти беше согласна со политичката победа на буржоазијата. Би сакал да го напоменам фактот дека промените на меѓународната монетарна политика во текот на 70тите години на деветнаесеттиот век се случувале во време кога Османлиската влада била под очигледен константен притисок на европските држави.

Имено самата Османлиска империја го напуштила биметализмот во 1881 година, со што врската помеѓу среброто и златото била прекината и златниот стандард го заменил до тогашниот. Но ова не ја подобрило економијата до степенот до кој што истата очекувала. Исто така владата на империјата немала финансиски резерви и финансиска моќ да ги поништила постоечките сребрени монети со цел да се премине на целосно златен стандард.

Една од предностите на враќањето на враќањето на сребрениот стандард во текот на 80тите години на деветнаесеттиот век е зголемувањето на конкурентноста на извозот и увозот во Османлиската империја. Сето ова се случувало по ценовниот пад на вредноста на среброто и девалвацијата на османлиската валута. Во исто време, Османлиската држава имала голем сопствен долг деноминиран во злато, со што доколку самата економија би се префрлила на сребро самиот долг дополнително би се зголемил. Дополнително истото тоа би имало негативно влијание и врз инвестицијата на странски капитал. Државната Османлиска банка, имала централна улога во новиот систем, целта на истата била одржување на фиксен паритет помеѓу водечките европски валути и османлиската лира. Со ова се обезбедувало стабилност и сигурност за трговијата и движењата на капиталот. Дополнително, банката исто така се стремела ги намали флуктуациите на курсот помеѓу златната лира и сребрените куруши. Дополнително, во новиот монетарен систем, номиналната вредност на сребрените монети била над нивната опаѓачка меѓународна цена. Истовремено, владата не можела да ја спречи употребата на сребрените монети во провинциите на империјата се до почетокот на Првата светска војна. Но не треба да се заборави фактот дека од почетокот на осумдесеттите години на деветнаесеттиот век па се до Првата светска војна, сребрениот куруш постојано ја губел сопствената вредност што било спротивно на златната лира и другите странски валути. Курсот на златната лира се зголемил од 114 куруши во 1886 година до 137 куруши во 1914 година. Откако меѓународната цена на среброто паднала во последниот квартал на деветнаесеттиот век на помалку од половина од нивото на истото за време на 50тите години на деветнаесеттиот век.

Растот на трговијата со Европа ја зголемил циркулацијата на водечките европски валути, особено британската фунта, францускиот франк во многу делови од Империјата. Странските монети играле значајна улога во провинциите на империјата. Британската и француската валута циркулирале во Палестина и Либан, руските рубљи на Балканот, а египетските златни пари во Сирија. Со ова се зголемила сигурноста на новиот монетарен систем на империјата.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Трансформацијата на монетарната политика во Османлиската империја од биметализам до волатилниот златен стандард претставува сложен процес кој имал значителни последици врз економијата и политиката на империјата. Оваа промена била резултат на различни фактори, вклучувајќи ги геополитичките промени, економските предизвици и притисоците кои биле наметнати од страна на европските сили. Преодот на монетарниот систем влијаел на финансиската стабилност, трговијата и инфлацијата во Османлиската

империја. Иако волатилниот златен стандард предизвикал додатни проблеми и несигурност, империјата успеала да се адаптира и да го задржи своето место во светската економија. Преодот од биметализамот до златниот стандард се одвивал во контекст на глобални промени и политички преобразувања, што оставило длабоко влијание врз економската динамика и политичката средина на Османлиската империја. Со оваа промена, империјата ја демонстрирала својата способност за прилагодување и реформирање, што имало значаен ефект врз нејзината економија и финансиски систем. Преку промената на монетарниот систем, Османлиската империја се обидела да ги засили своите финансиски институции и да го подобри својот статус на меѓународниот пазар.

**РЕФЕРЕНЦИ**

Димитрова, Д. (2020). Няколко Опита за Създаването на Държавна Банка в Османската Империя През 1854–1863 г. Велико Трново, Бугарија: Стопански Факултет при Великотьрновски университет „Св. св. Кирил и Методий“.

A&E Television Networks. (2021). *Crimean War - Summary, facts & causes*. History.com. https://www.history.com/topics/european-history/crimean-war

Altay, B., Göksal, K., & Kirmizikuşak, H. N. (2022). The Wealth of Ottoman Individuals by Different Socio-Economic Groups, 1650-1918: A Descriptive Analysis in the Context of Institutional Change. Visionary E-Journal / Vizyoner Dergisi, 13(33), 236–253. https://doi.org/10.21076/vizyoner.959067

Arrighi G (2009) *The Long Twentieth Century*. New York: Verso.

Bulut, M, & Altay, B. (2021). The Ottoman economy (1870-1913): Preliminary second-generation estimates. *Turkish Journal of Islamic Economics*, *8*(2), xx-xx.

Conte, G. (2022). Defining financial reforms in the 19th-century capitalist world-economy: The Ottoman case (1838–1914). Capital & Class, 46(1), 33-58. Sage Publications https://doi.org/10.1177/03098168211022222

Faroqhi, S. (1997). An Economic and Social History of the Ottoman Empire Volume 2. United Kingdom: Cambridge University Press.

Genç, M, & Özvar, E. (2006). *Osmanlı maliyesi: Kurumlar ve bütçeler I*. Istanbul, Türkiye: Osmanlı Bankası Arşiv ve Araştırma Merkezi.

Gider, S. (2023). The Evolution of Ottoman Economic Thought: A Comparison of Two Perspectives Comparison of Two Perspectives. Electronic Journal of Social Sciences, 22(87), 1379–1391. https://doi.org/10.17755/esosder.1257366

Inalcik, H. (1997) An Economic and Social History of the Ottoman Empire Volume 1. United Kingdom: Cambridge University Press.

Pamuk, Ş. (2003). A Monetary History of the Ottoman Empire. Cambridge, United Kingdom: Cambridge University Press.

Validova, A.F. (2014). Evolution of the Monetary System of the Ottoman Empire. Mediterranean Journal of Social Sciences.